Концертна промоција на МАГЛОТА

Јордан Костов и пријателите

На 18.03.2025. 20:00 часот во големата сала на Македонската филхармонија во Скопје ќе се оддржи светската концертна проомоција на албумот МАГЛОТА на Јордан Костов и пријателите.

МАГЛОТА е албум кој е снимен во Ханои во 2023 година/

„Маглота“ го претставува најновиот музички проект на Јордан, роден од неговата длабока врска со Виетнам. Тоа е доказ за магијата што се случува кога музиката се испреплетува со културата. Албумот вешто го инкорпорира традиционалните музички инструменти кои се длабоко испреплетени со нашиот секојдневен живот. Тоа што плени е и хармоничното спојување на традиционалните виетнамски мелодии со уникатниот музички стил на Јордан Костов.

„Маглота“ е енергичното музичко игралиште кое постојано бара нови бои и значајни вредности што ги носи музиката. Виетнам одигра клучна улога во музичкото патување на Јордан, бидејќи тој навлезе во локалната култура и формираше врски со виетнамските пријатели.

солисти:

Јордан Костов, хармоника

Роман Столјар , пијано

Бренда Охана, маримба

Фенг Хао, тапани

Рубем Фариас, контрабас

Ник Де Карло, туба

Хор Св. Злата Мегленска . диригентка Летка Димовска – Полизова




Јордан Костов е македонски хармоникаш, пијанист, композитор, импровизатор и аранжер. Тој е немирен глобтротер кој се обидува да ја надмине конвенционалната креативна комуникација со различните светски музики. Најчесто слободна во поглед на формата, музиката на Костов се движи низ и отаде рамките на џез и различните светски музики и таа честопати се опишува како авангардна, надреална, психоделична, церебрална, ориентална и/или балканска џез фузија, ориентален фолк џез итн. Свири соло, во мали џез состави, биг бендови и ансамбли, со невообичаени инструментариумски комбинации. По настапите низ Балканот и Европа, пресвртница во неговата кариера претставуваат неговите зачестени патувања низ Далечниот Исток (Кина, Јапонија, Виетнам…), во рамките на кои тој го гради својот препознатлив израз. Овие патувања, заедно со еволуцијата на неговиот музички израз, сè уште траат…



Роман Столјар од Русија, дипломирал џез пијано на музичкиот колеџ во Новосибирск и композиција на современа електронска музика на Државниот Концерваториум во Новосибирск. Како импровизатор, тој соработувал со Доминик Дувал, Вилијам Паркер, Вини Голија, Стивен Нахманович, Марко Енеиди, Ласица Валтер, Сузан Ален, Тања Калманович, Оливер Лејк, Асиф Цахар, Глен Хол, Томас Бакнер, Ед. Белоруков, Сергеј Летов и други.

Неговата музика е објавена на етикетите Cadence Jazz, Electroshock Records, SoLyd, Ayler Records, NewFolder, Creative Sources, Bomba Piter и Ermatell Records.



Бренда Охана од Бразил е тапанар, вибрафониста и композитор. Живее и работи во Париз а концертира низ светот и била дел од музички проекти во Кина, Мароко, Буркина Фасо и Јапонија. Меѓу соработките што ги има остварено се издвојува соработката со ансанблот на прославениот нигериски музичар Феми Кути.



Фенг Хао од Шангај.Кина е виртуозен перкусионист и значаен претставник на алтернативната и џез сцена на Шангај каде што учествувал во голем број на проекти со музичари од целиот свет.

Меѓу бројните соработки што досега ги има остварено се одвојуваат оние со Доналд Џексон, Џејмс Каслер и Алек Хаавик. Тој е и чест соработник на Костов со кого реализирале повеќе концерти во Шангај во изминативе неколку години.




Рубем Фариас од Бразил е сестран музичар , басист и вокалист Соработувал со светски џез великани како што се гитаристот Мајк Стерн и трубачот Ренди Брекер, Балајо квартет,Freedom Tree, Биг Бенд Рубем Фариас и други.



Ник Де Карло од САД е сестран музичар кој соработувал во многу значајни оркестри во Калифорнија, Белгија иГерманија. Во Македонија освен со групите на Јордан Костов тој настапува и со воениот оркестар на РМ и ансамблот на Македонската опера и балет



Монит Пол од Индија е виртуозен музичар на сарод (традиционален индиски инструмент) .
Своето музичко образование го започнал на на 6-годишна возраст.
Концертирал во Индија, Азија и Европа. Меѓу бројните концерти , тој настапувал во многу престижни концертни сали меѓу кои и Варшавската палата на културата.
Освен солистичките настапи бил дел и од бројни проекти на разни музички состави. Бил дел од музичкиот проект MUSIC OF INDIA на Дебојоти Бозе. Тој исто така даде ветувачки
Монит Пол е и автор на на театарската музика и бил дел од епско шоу URUBHANHGAM во режија на Шри Маниш Митра.



Нилмеш Чакраборти од Индија е изведувач на табла. Роден во музичка фамилија тој започнал да свири на 2-годишна возраст.
Концертирал во поголемите градови во Индија, Бангладеш, Тајланд, Виетнам, Узбекистан, Хонк Конг, Сингапур, Камбоџа, Малезија, Шри Ланка,Бахреин, Кувајт, Рузија, Германија, Кенија, Јужна Африка, Бразила. На сите овие места покрај промоцијата на индиската музика тој одржал и бројни работилници за свирење на табла. Меѓу бројните соло концерти , тој настапувал и со легендите на индиската музика како Падмашре Устад Рашид Кан, Сугато Наг, Бастант Кабра и други.



Св. Злата Мегленска од Скопје е женски камерен хор формиран во 1996 година при Македонската православна црква. Овој хорски состав, преку своето 31-годишно континуирано работење, стана хорски расадник и културен храм, кој со огромна љубов и посветеност ги стави сите хорски жанрови во функција на афирмирање на домашните автори, композитори и аранжери.

Летка Димовска – Полизова е академски музичар, која своето основно и средно музичко образование го завршува во родниот град Битола, а високото образование во Скопје на ФМУ – Скопје, при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“- Скопје.

Од наставник во музичко училиште и професор во гимназијата „Ј.Б.Тито“ во Кавадарци, преку музички педагог и диригент во Домот на културата „Кочо Рацин“ – Скопје, потоа раководител на Хорското стиудио во МКЦ државен службеник во Агенцијата за иселеништво на нашата земја и самостоен уметник, таа се потврди и се афирмира како еден од најплодните педагози и културни дејци, целосно посветена на хоровите и на македонската традиција и хорско тотворештво, обременета со епитетот „најуспешна жена диригент во Македонија“.